РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

# УПАТСТВО ЗА ПЛАЌАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА

Административната такса може да се плати на два начина:

## 1. Со уплатница „Налог за јавни приходи“ (образец ПП50)

Административната такса во готови пари се плаќа со налог за плаќање на јавни приходи – ОБРАЗЕЦ ПП 50.

Образецот ПП 50 се пополнува на следниот начин:


НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ
ДАТУМ НА ВАЛУТА
НАЛОГОДАВАЧ
НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ
БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ
СМЕТКА
ДАНОЧЕН БРОЈ или (ЕМБГ)
ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ
ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: Административна такса
ПОТПИС
ПРИМАЧ
НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ: Министерство за финансии Трезорска сметка
БАНКА НА ПРИМАЧОТ: Н.Б.Р.М.
СМЕТКА: 1 0 0 0 0 0 0 0 0 0 6 3 0 9 5
ИЗНОС: МКД
УПЛАТНА СМЕТКА: 8 4 0 X X X 0 3 1 6 1
СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК
ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА: 7 2 2 3 1 3 0 0
НАЧИН
ДАТУМ НА УПЛАТА
МЕСТО НА УПЛАТА
образец ПП50

XXX значи запишување на шифра на општината во која има живеалиште уплатувачот на таксата (види список на општини со ознаки во Р..Македонија).

Важна напомена:

1) Личните податоци на уплатницата ПП 50 (име, презиме, адреса на живеење и ЕМБГ), задолжително да бидат од студентот што го поднесува образецот што подлежи на административна такса.
2) Задолжително да се внесе цел на дознака. Пример: административна такса за пријава за испит, пријавен лист за упис на факултетите, образец за запишување семестар, образец за заверка на семестар, административна такса за молба/барање за испис ,....... итн.)

3) Плаќањето на административната такса од исто лице за повеќе обрасци може да се изврши на една уплатница, но притоа во уплатницата треба задолжително да се назначат следниве елементи:
   - во цел на дознака да се назначи бројот и називот на обрасците за кои се плаќа административната такса (на пример: административна такса за 5 пријави за испити; административна такса за пријавен лист за упис на факултетите, за образец за запишување семестар, за образец за заверка на семестар,....... )
   - во износот што се плаќа треба да стои вкупната сума која го означува збирот од вредноста на административните такси што се содржани во целта на дознаката.

**УПЛАТНИЦИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ТОЧНО ПОПОЛНЕТИ, БИДЕЈЌИ ВО СПРОТИВНО УПЛАТИТЕ НЕМА ДА БИДАТ ПРИЗНАТИ.**

**2. Преку мобилен телефон со праќање на СМС порака (систем eNAPSYS)**

Плаќањето на административна такса може да се врши и преку системот eNAPSYS со праќање на СМС порака на бројот 144 166 со текст „ТМ Ime Prezime Iznos„.

Пример:

**TM Marko Markovski 50**

По праќањето на пораката повратно добивате Трансакциски код (кој се состои од 10 бројки). Трансакцискиот код се впишува во поднесокот или треба да го приложите на службеното лице на Факултетот кое врши прием на Вашиот поднесок, доколку за истото се плаќа административна такса согласно Законот за административни такси.

Напомена: Потврдата за извршеното плаќање на административната такса (таксената марка) преку СМС ПОРАКА се врши во Студентската служба за прв циклус студии.

Максималната сума која може да се испрати со една СМС ПОРАКА е 250 денари (вкупен износ за најмногу пет обрасци).